**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ И УМЕТНИЧКИ ОБЛАСТИ МУЗИЧКИ ФОРМИ СО АНАЛИЗА И ХАРМОНИЈА И ПОЛИФОНИЈА СО АНАЛИЗА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-66/7 од 25.4.2018 година донесена на 35. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 25.4.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области- дисциплини: *60907 - музички форми со анализа* и *60908 - хармонија и полифонија со анализа* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- **м-р Валентина Велковска-Трајановска**, редовен професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научни и уметнички области теорија на музиката и композиција – претседател;
- **д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**, редовен професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област музикологија – член;
- **д-р Илчо Јованов**, редовен професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научни и уметнички области теорија на музиката и видови на инструменти - етнохармоника – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.4.2018 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Гоце Гавриловски, вработен како вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **проф. д-р Гоце Гавриловски** е роден на 7 февруари 1978 година во Охрид. Студиите на Одделот по композиција ги завршува во 2002 година, како прв студент во класата на проф. м-р Гоце Коларовски, со симфониска суита „Фолклорна обредна ракатка”, за голем симфониски оркестар. Истата година запишува втор циклус студии на одделот Теорија на оркестрација на Факултетот за музичка уметност кај проф. д-р Томе Манчев. Магистерските студии ги завршува во 2008 год. со трудот „*Присутноста, употребата и улогата на музичките инструменти во дел од оркестарското творештво на композиторот Властимир Николовски*”. Во 2011 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје на кандидатот Гоце Гавриловски му е прифатена темата за изработка на докторска дисертација „*Фолклорот и неговата уметничка транспозиција во дел од симфониското творештво кај македонските композитори*“, под менторство на проф. д-р Родна Величковска, а истата е одбранета на 25.12.2015 год., со што се стекнува со титула - доктор по фолклористика.

Кандидатот Гоце Гавриловски учествува на повеќе меѓународни семинари, фестивали и конференции по композиција и филмска музика во Македонија и во странство, кај бројни реномирани светски композитори, како: А. Шчетински, Е. Годибер, А. Радвиловиќ, Џ. Вулрич, К. Швон, Ф. Сархан, Џ. Темпл, И. Курц, Р. Фебел и др.

Автор е на повеќе: солистички, вокални, камерни, хорски, вокално- инструментални и оркестарски композиции. За дел од нив е добитник на домашни и меѓународни награди. Неговите изведени дела се снимени на носачи на звук. Во 2016 година го издава и своето

авторско ЦД, составено од 10 концертни изведби на композиции за разни состави насловено како „Works“.

Општествено е активен и како член на СОКОМ - Сојуз на композиторите на Македонија од 1996 година, како и ЗАМП (Здружение за заштита на авторски музички права), од 1996 година, а во неколку мандати е и член на Собранието.

Од 1998 до 2002 год. кандидатот Гоце Гавриловски хонорарно е ангажиран на Музичката програма во Македонското радио, истовремено и како продуцент во Музичката продукција на МРТВ.

Од 2002 до 2009 год. кандидатот Гоце Гавриловски работи како педагог- наставник по пијано на ОМУ „Методи Патче“ - Охрид, каде што со учениците од неговата класа се стекнува со високи награди и признанија, на музички натпревари во земјата и во странство.

Кандидатот Гоце Гавриловски е избран во звање доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во 2009 година, а од 2013 година работи како вонреден професор на Музичката академија при УГД во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во наставно-научно и уметничко звање редовен професор од областа на музичката уметност по стручно-уметнички предмети***

- Вонреден професор од област во која се избира со завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности (избор во звањето на кандидатот за вонреден професор е извршено на 16.10.2013 г. со Одлука бр.1902-91/3, од страна на ННС на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип);
- изведба на осум дела во земјава или во странство;
- има издадено музички авторски компакт диск;
- покажува способност во изведување на разни видови високообразовна дејност и под негово менторство се изработени дипломски или магистерски;
- придонесува во оспособувањето на помлади наставници и соработници;
- позитивна оценка од самоевалуација и од официјалните анкети на студентите.

| Бр. | Автор | Наслов на делото/ изведувачки состав | Повод/ вид на музички настан | Место и датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Гавриловски Гоце, композитор | „Токатина”- за флејта и пијано | Солистички концерт, Златка Митева-флејта и Наташа Трбојевиќ- пијано | Софија- Р. Бугарија, декември, 2017 година |
| 2 | Гавриловски Гоце, композитор | „Фолк Дуплекс“- за камерно трио: сопран, труба и пијано | Концерт на ансамблот за современа музика „КонТемпора“ | Концертна сала, Штип 2017 година |
| 3 | Гавриловски Гоце, композитор | „Се посврши“- за мешан хор | Концерт на хорот „Вокс Лихнидос“, на ТЕХО - Тетово | Дом на култура-Тетово, 2017 година |
| 4 | Гавриловски Гоце, композитор | „Круг“ - соло песна за сопран и пијано | Солистички концерт, Благица Поп Томова - сопран и Милица Шкариќ - пијано | Њујорк, САД, 23 мај 2016 година |
| 5 | Гавриловски Гоце, композитор | „Скриена полифонија“- за соло виолончело | 38. фестивал Денови на македонска музика 2015 год., Концерт на Емили Жирар- Шарест- виолончело - Канада | Музеј на Град Скопје, 7 април 2015 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Гавриловски Гоце, композитор | „Во Круг“- соло песна за сопран и пијано | Солистички концерт, Благица Поп Томова-сопран и Милица Шкариќ-пијано | Фоаје на МОБ, Скопје, 11 јуни 2015 година |
| 7 | Гавриловски Гоце, композитор | „Заблеало“- за 4-гласен мешан хор | Солистички концерт, Фестивал ТЕХО- Тетово | Дом на култура-Тетово, 2015 година |
| 8 | Гавриловски Гоце, композитор | „Дон Сербез”- за: сопран, тенор и пијано | Фестивал Денови на македонска музика 2014 год., Вокален концерт „Кантатисимо” | Музеј на Град Скопје, 12 април 2014 година |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во звањето доцент кандидатот првпат е избран со Одлука бр. 0402-13/37 од 11.5.2009 год., Универзитетски билтен бр. 16/2009 год., стр. 22, од Рецензентската комисија формирана од страна на ННС и Уметничкиот совет на Факултетот за музичка уметност во Штип. Изборот во звање вонреден професор е донесено на 16.10.2013 год., со Одлука бр.1902-91/3, од страна на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, за наставно-научната и уметничка област: музички форми со анализа и хармонија и полифонија со анализа.

Кандидатот активно учествува во реализацијата на наставата на прв и втор циклус студии на Музичката академија. Како доцент и како вонреден професор изведува предавања по неколку дисциплини: полифонија, оркестрација, музички форми со анализа, техники на компонирање во музиката на дваесетти век. Едукацијата на студентите ја надополнува со индивидуална, менторска и практична работа.

***Учество во проекти од национален интерес***

Кандидатот учествува во неколку проекти од Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата, поддржани од Министерството за култура на Р. Македонија.

*Авторски компакт диск – Goce Gavrilovski- Works- Odbrani dela,* CD бр. 008, НУ Центар за култура - Битола, CIP – Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје, COBISS.MK-ID 101711882, ISRC MK- A0N-16-00001, 2016 година.

***Одржани предавања, работилници***

1. Јаневски, В., Лешкова-Зеленковска С., Јованов И., Велковска-Трајановска В., Шкариќ М., Гавриловски Г. (2013) Факултет за музичка уметност. [Video] (http://eprints.ugd. edu.mk/9398/)

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

2. Одбрана на докторска дисертација на тема: „*Фолклорот и неговата уметничка транспозиција во дел од симфониското творештво кај македонските композитори*“, на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 25 декември 2015 година.

Како што може да се види од приложената документација, кандидатот Гоце Гавриловски се истакнува како композитор со дела изведени како на македонските концертни подиуми, така и на признати и афирмирани фестивали за современа музика во странство. За неговиот творечки континуиран растеж говори и издадениот аудио компакт диск со авторска музика.

Во продолжение следи преглед на активностите:

***Уметничка дејност – композитор (концертни изведби):***

3. Гавриловски, Г., изведба на делото *Се посврши* за мешан хор, концерт на хорот „Вокс Лихнидос", на ТЕХО - Тетово, 2017 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18578)

4. Гавриловски, Г., изведба на делото *Токатина* за флејта и пијано, Солистички концерт во Софија, Р. Бугарија, декември 2017 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19396)

5. Гавриловски, Г., изведба на делото *Фолк Дуплекс* за камерно трио, Концерт на ансамблот за современа музика КонТемпора, Штип, 2017 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18983)

6. Гавриловски, Г., изведба на делото *Токатина* за флејта и пијано, ФМУ- Штип, 2017 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19395)

7. Гавриловски, Г., изведба на делото *Круг,* соло песна за сопран и пијано, Солистички концерт, Благица Поп Томова - сопран и Милица Шкариќ - пијано, Њујорк, САД, 23.05.2016 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16464)

8. Гавриловски, Г., изведба на делото *Скриена полифонија* за соло виолончело, Концерт на Емили Жирар - Шарест, Канада, 38. ДММ 2015 год., Музеј на Град Скопје, 7.04.2015 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/13926/)

9. Гавриловски, Г., изведба на делото *Заблеало* за 4-гласен мешан хор, Солистички концерт на градскиот хор, Охрид, 2015 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/13928/)

10. Гавриловски, Г., изведба на делото *Во Круг* соло песна за сопран и пијано, Солистички концерт, Благица Поп Томова - сопран и Милица Шкариќ - пијано, Фоаје на МОБ, Скопје, 11.6.2015 г. [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13927)

11. Гавриловски, Г., изведба на делото *„Во круг"* соло песна за сопран и пијано, Солистички концерт, Уметничка галерија „Безистен" - Штип, 12.6.2015 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/13929/)

12. Гавриловски, Г., изведба на делото *Заблеало* за 4-гласен мешан хор, Солистички концерт, Фестивал ТЕХО - Тетово, 2015 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/14215/)

13. Гавриловски, Г., изведба на делото *Медитација со микс - комбинации*, Вокализа за мешан хор, Концерт- Хорско музичко друштво „Кочо Рацин", диригент: Марија Андонова, Дом на култура „Кочо Рацин" - Скопје, 27.12.2014 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/13925/)

14. Гавриловски, Г., изведба на делото *Дон Сербез* за сопран, тенор и пијано - ДММ 2014 год., Вокален концерт „Кантатисимо" во Музеј на Град Скопје, 12.04.2014 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10546)

***Уметничка дејност – композитор (издадени дела и печатени партитури):***

15. Гавриловски, Г. (2015) „Композицијата "Dawn"- Vocal Cantata for a mixed choir - Gavrilovski Goce, испечатена од страна на странска издавачка куќа- „Композитор" - Русија". Horovaja laboratorija XXI vek - Muzika dlja detei i junoshestva, 5 (2). pp. 66-69. ISSN ISMN 979- 0- 3522- 0889- 6, bbk 85.941 x 80, nom- 6725 [Article], (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16953)

Зборникот „Хорска лабораторија", книга 5, дел-2, содржи дела кои се наградени на Шестиот меѓународен натпревар наречен „Хорска лабораторија на XXI век, музика за детски и младински хорски состави". Овој светски натпревар е спроведен од страна на Сојузот на композиторите од Санкт Петерсбург и е поддржан од страна на Сојузот на композиторите од Русија, како и Министерството за култура од Русија. На VI Меѓународен натпревар во Санкт Петерсбург - Русија, во конкуренција на 190 дела од разни земји ширум светот, комисијата од пет члена: композитори, диригенти, музиколози, сите истакнати музички дејци во своето поле, во 4-тата категорија со назив „Експериментално хорско дело со современи музички изразни текстури", за хорското дело *Дај Дуни*, на авторот Гоце Гавриловски му доделува трето место, додека за композицијата *Мугри*, Вокализа за мешан хор му е доделено прво место. Наградената композицијата *Мугри* за мешан хор е издадена од страна на Издавачката куќа „Композиторов" од Санкт Петерсбург – Русија, во *Зборник* од наградени дела: „Хорска лабораторија на 21 век" - Музика за деца и младинци, книга

бр. 5, дел- 2, 66-69 стр., јануари 2017 година. Композициите од Зборикот се наменети за широкиот круг од хорски диригенти, композитори, хорови, студенти, како и повеќе изведувачки состави од различна возраст и степен на подготовка, со единствена цел да се зголеми и исполни репертоарот на современи музички дела.

***Издаден авторски музички компакт диск***

16. Гавриловски, Г. (2016) „*Works- Odbrani dela*", авторски компакт диск, ЦД бр. 008, CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, 78.089.8(497.7) Гавриловски, Г.(086.76), GAVRILOVSKI, Goce, Works [Звучен запис] / Goce Gavrilovski. - Bitola : NU-Centar za kultura-Bitola, 2016. - 1 компакт диск : стерео ; 12 см, Тираж 1000. - ISRC MK-A0N-16-00001. - Photo session Aleksandar Dautovski. - Produced and mastered by Alen Hadzi - Stefanov 001- I. Гавриловски, Гоце види Gavrilovski, Goce, а) Гавриловски, Гоце (1978-) - Композитор - Творештво - Македонија- ЦД-а, COBISS. MK- ID 101711882, CIP 78.072(497.7) (082), ISBN 978-9989-801-15-0, COBISS. MK- ID 99187978, септември 2016 година, [Audio], (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16468)

Делата од овој компакт диск претставуваат изведби во живо од повеќе концертни подиуми, во земјава и од странство, во кои се јавуваат разни изведувачки состави и во него се испреплетуваат разни музички жанрови изразени преку транспозиција и стилизација на фолклорните елементи со помош на бројни современи музичко-изразни средства, како и разни современи техники на компонирање.

***Список на трудови во реномирани списанија (во изборниот период)***

17. Гавриловски, Г. (2017) Уметничката транспозиција на фолклорот изразена преку употреба на фолклорните елементи во делото „Илинденски диптих" за: мешан хор, вокален солист и гудачки оркестар од Стојан Стојков", **Годишен зборник 2017**, Музичка академија (4). pp. 157-172. ISSN 1857-7296, [Article], (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19727)

Во овој труд е опфатено музичкото дело „Илинденски диптих" на композиторот Стојан Стојков, составено од два дела, различни по карактер, темпо, оркестрација и други особености. Делото се базира врз обработка на народни теми преку стилизација на фолклорните елементи, каде што одредени фолклорни теми се полесно препознатливи, некои составни мотиви наликуваат на оригинална народна песна, додека други само наговестуваат или содржат фолклорни идиоми. Во трудот се издвојуваат покарактеристични места избрани од партитурата на делото, со објаснување за присутноста и употребата на фолклорните елементи и нивните особености изразени од аспект на: тембр, фактура, оркестрација, како и функција на употребените музичките инструменти дадени во примерите.

18. Гавриловски, Г. (2017) „Уметничката транспозиција на фолклорот изразена преку употреба на фолклорните елементи во делото 'Стара песна'", Концертни пиеси за симфониски оркестар, опус 27, од композиторот Тома Манчев", **Македонски фолклор**, YEAR XXXIX, 72 (72). pp. 153-168. ISSN 0542-2108, UDC 398, [Article], http://eprints.ugd.edu.mk/19737/

Жанровската припадност на делото „Стара песна" од композиторот Тома Манчев претставува своевидна структура во вид на интеграција на сцени од историското минато и од сегашноста на македонскиот народ. Во делото „Стара песна" композиторот Тома Манчев на доследен начин се потпира врз аликвотите на фолклорот, поривајќи во неговите длабоки слоеви и врз асоцијациите на неговиот инструментариум и мелодиско-ритмички идиом, со што на оркестарот му овозможува интересно совршено себепрепознавање. Се соочуваме со надворешно економичен, но и внатрешен богат исконски блесок на музичкиот израз" (Тошевски, 1997, 11). Во трудот се издвоени покарактеристични места избрани од партитурата на делото, со објаснување за присутноста и за употребата на фолклорните елементи и нивните особености, изразени од аспект на: тембр, фактура, оркестрација, како и функција на употребените музички инструменти дадени во примерите.

19. Гавриловски, Г. (2015) „Фолклорните елементи во Суита бр.1, од балетот 'Лабин и Дојрана' на композиторот Трајко Прокопиев", CME. Струшка музичка есен 2014, Музика

и образование. pp. 13-26. ISSN ISBN 978-9989-801-15-0, [Article], (http://eprints.ugd.edu.mk/13930/)

Во овој труд се претставени фолклорните елементи во композицијата Суита бр.1 од балетот „Лабин и Дојрана" на композиторот Трајко Прокопиев, која претставува циклична форма и содржи осум составни дела, кои се различни по карактер, темпо, оркестрација и други особености. Делото се базира врз обработка на народни теми преку стилизација на фолклорните елементи, каде одредени фолклорни теми се полесно препознатливи, некои составни мотиви наликуваат на оригиналната народна песна, додека други само наговестуваат или содржат фолклорни идиоми. Во трудот се издиференцирани покарактеристични места избрани од партитурата на делото, со објаснување за присутноста на фолклорните елементи и нивните особености изразени од аспект на: тембр, фактура, оркестрација, како и функција на употребените музичките инструменти дадени во примерите. Творештвото на композиторот Трајко Прокопиев главно е инспирирано и се базира врз фолклорната традиција, изразот на авторот содржи богатство на фолклорни елементи, кои во неговата музика се проткаени во оригинална или стилизирана форма. Во текот на трудот се опфатени повеќе карактеристични примери во кои се присутни фолклорните мотивски елементи од партитурата на делото Суита бр.1 од балетот „Лабин и Дојрана", вклучително со местата каде што има појава на: стилизирана, употреба на обработена или цитирана фолклорна тема.

***Учество на научни собири, конгреси и симпозиуми***

19. Гавриловски, Г. (2014) „Фолклорните елементи во Суита бр.1 од балетот „Лабин и Дојрана" на композиторот Трајко Прокопиев". In: Музичко-научна манифестација „Струшка музичка есен", 12-14 Sept 2014, Struga, Macedonia, (http://eprints.ugd.edu.mk/11582/)

***Музички награди и признанија (домашни)***

Кандидатот Гоце Гавриловски е добитник на повеќе домашни музички награди и признанија, и тоа на:

Конкурсот за откуп на музички композиции, спроведен во јули 2014 год., од страна на Министерството за култура на Република Македонија:

20. За делото *Hidden polyphony* за виолончело - добитник на втора награда;

21. За делото *Counting*.. вокали за за детски хор - добитник на прва награда.

Конкурс за откуп на музички композиции, спроведен во јуни 2015 год., од страна на Министерството за култура на Република Македонија:

22. За делото *Песна на ангелот* за хорски состав - втора награда.

Конкурс за откуп на музички композиции, спроведен во ноември 2015 год., од страна на Министерството за култура на Република Македонија:

23. За делото *Композиција* за три блок флејти - добитник на втора награда;

24. За делото *Фолк дуплекс* за пијано трио (глас, труба и пијано) - добитник на втора награда.

Конкурс за откуп на музички композиции, спроведен во ноември 2016 год., (за јуни 2016 год.), од страна на Министерството за култура на Република Македонија:

25. За делото *Иницијали* за гудачко трио: виолина, виола и виолончело, добитник на трета награда.

Конкурс за откуп на музички композиции, спроведен во ноември 2016 год., од страна на Министерството за култура на Република Македонија:

26. За делото *Дај Дуни* за мешан хор, добитник на прва награда и

27. За делото *Концертантна пиеса* за камерен ансамбл: обоа, виолина, виола и виолончело - добитник на втора награда.

***Меѓународни музички награди и признанија***

Кандидатот Гоце Гавриловски има добиено повеќе меѓународни музички награди и признанија, и тоа:

28. На VI Меѓународен натпревар во Санкт Петерсбург - Русија, во 2013 година, во

4-та категорија со назив „Експериментално хорско дело со современи музички изразни текстури“ на авторот Гоце Гавриловски за хорското дело *Дај Дуни* му се доделува трето место.

29. На VI Меѓународен натпревар „Хорска лабораторија на XXI век“, одржан во Санкт Петерсбург - Русија, во 2013 година, со делото *Мугри* - за мешан хор, композиторот Гоце Гавриловски го освојува првото место.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

30. Кандидатот Гоце Гавриловски е член на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и раководител на Катедрата на одделот за ТММП на ФМУ, при УГД - Штип, како и член на повеќе факултетски комисии, и тоа: член на Комисија за проверка на знаења од прв и втор циклус, член на Комисија за проверка, разгледување на барања за признавање на испити од студенти и за префрлување од други универзитети, Комисија за измени, дополнувања и стандардизирање на уметничките и стручните предмети на студиските програми на Музичката академија и др.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 год.), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. д-р Гоце Гавриловски го има остварено минимумот поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, или вкупен минимум од 100 поени. Кандидатот го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето редовен професор (НО+НИ+САОР=40+80,5+42) и од целокупната актива остварил вкупно 162,5 поени.

При анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациска дејност на кандидатот може да се констатира дека проф. д-р Гоце Гавриловски остварува континуиран развој и постигнал значајни резултати во сите наведени дејности.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за кандидатот проф. д-р Гоце Гавриловски да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научните области музички форми со анализа и хармонија и полифонија со анализа.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Валентина Велковска-Трајановска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5 | Избор во звање<br>вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | ВКУПНО | 40 | | | | |
| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р. бр.: 17 и 18) | 2 | 2 | | | 4 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (р. бр.: 6 и 9) | 2 | 3 | | | 6 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (р. бр.: 11, 12, 13) | 3 | 2 | | | 6 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт (р.бр.: 1, 4, 7, 8, 10) | 3 | 2 | 2 | 3 | 12 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (р. бр.: 3, 5, 14) | 3 | 1,5 | | | 4,5 |
| 10 | Одбранета докторска теза (р.бр.2) | 1 | 8 | | | 8 |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди (р. бр. 20-27) | 8 | 5 | | | 40 |
| | ВКУПНО | 80,5 | | | | |
| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Издаден авторски компакт диск (р.бр.16) | 1 | 10 | | | 10 |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр.15) | | | 1 | 6 | 6 |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (р.бр. 19) | 1 | 2 | | | 2 |
| 19 | Стручни награди и признанија (р. бр.: 28 и 29) | | | 2 | 8 | 16 |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија (р.бр.30) | 4 | 2 | | | 8 |
| | ВКУПНО | 42 | | | | |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | 162,5 | | | | |